ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: МК4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
www.plavaja.com.mk ; plavaja.radovis@gmail.com

# И З В Е Ш Т А Ј

## За реализација на програмата за јавна чистота во делованата 2022 година

Февруари 2023 година

# ВОВЕД

По завршувањето на каландерската 2022 година ЈП Плаваја изготвува извештај за реализација на Програмата за јавна чистота.

Со максимално ангажирање на вработените во одделението за јавна чистота и целото раководство при ЈП Плаваја Радовиш, целосно се реализира Програмата за јавна чистота за 2022 година.

Врз основа на чл.12 од Законот за јавна чистота Сл. весник на РМ бр. 111/08, ЈП Плаваја Радовиш изготви предлог програма за јавна чистота за 2022 година. Оваа програма беше прифатена од страна на советот на општина Радовиш.

Врз основа на ова програма ЈП Плаваја Радовиш ги реализира своите активности потпомогнати од Локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Радовиш и го дава овој извештај.

# ЈАВНА ЧИСТОТА

Според Статутот на ЈП Плаваја Радовиш, Јавна чистота ги опфака следните активности:

1. Подигање и депонирање на смет
2. Метење и миење на јавно прометни површини
3. Одржување на хигиена на Сточно пазариште
4. Одржување на хигиена на Градски Пазар
5. Одржување и планирање на Градска депонија
6. Чистење на Диви депонии

## 1. Подигање и депонирање на смет

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комунален отпад, ЈП Плаваја Радовиш го врши на сите правни и физички лица во град Радовиш, и во другите населени места согласно Одлука за висина на цени на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш наш бр. 0201-393/1 од 05.07.2019 година и број на Општина Радовиш бр.08-1038/1 од 28.06.2019 година.

Подигањето на сметот се врши со однапред изготвен оперативен план за секој реон т.е. во кој определен ден од неделата се подига сметот.

Општина Радовиш е поделена во четири реони од кој градот Радовиш на три реони и населените места како четврти реон и тоа:

- Во првиот реон е централното градско подрачје и овде сметот се подига четири пати неделно, а на одредени места каде има поставено контењери, подигањето на сметот од истите се врши секојдневно т.е. седум дена во неделата.
- Во вториот реон сметот се подига еднаш неделно и тоа ги опфака периферните делови во градот. Во овој реон на места каде што има поставено контењери собирањето на сметот од истите се врши два до три пати во неделата во зависност од исполнетоста на садовите.
- Во третиот реон е опфатена индустриската зона во  градот со малото стопанство. Овде сметот се подига повеке пати во неделата према потребите на компаниите а најмалку еднаш неделно.
- Во населените места надвор од градската средина и тоа во селата Ораовица, Подареш, Јаргулица, Покрајчево, Злеово и Ињево собирањето на комуналниот отпад се врши двапати неделно, додека во селата Калугерица, Сулдурци, Војславци, Тополница и Бучим еднаш неделно.
  Комуналниот отпад од населените места Тополница и Бучим во месец Септември престана да се собира од причина што месните заедници т.е. населението кое беше повикано преку месните заедници не покажа интерес за склучување на договор за давање на ова комунална услуга од страна на ЈП Плаваја.

Подигањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила за подигање на специјални садови за депонирање на отпад и тоа канти и контењери, како и со  трактори наменети за таа намена. Во Октомври месец 2021 година се отпочна постапка за набавка на ново специјално возило за собирање и транспортирање на комунален отпад со капацитет од 14 $м^3$ и истото беше набевено во месец Март 2022 година со што се зголеми доверливоста и економичноста во работењето и со ова се покажа дека е потребно да продолжи инвестирањето во опрема и во наредниот период.

Подигањето на сметот во град Радовиш се врши на површина  од 1.056.805 $м^2$ од физички лица и од 128.730 $м^2$ од правни субјекти како и од 111 садови од по 1,1 $м^3$ зафатнина од правните субјекти. Собирањето и подигањето го вршиме со контењери од 1,1 $м^3$ зафатнина поставени во Централното градско подрачје на повеке локации како и пред сите стамбени згради за колективно домување, а исто така и периферно во градот особено на почеток и крај на течението на Радовишка река , патот накај планината Плачковица, шаин маало и други локации каде што има зголемена количина на комунален и друг вид на отпад. Од граѓанството подигањето и собирањето на отпад го вршиме од сад каков што поседува имателот на услугата (канта за смет, корито, буре и се друго). Во населените места надвор од градската средина собирањето на отпад се врши исклучиво од поставените метални контењери со зафатнина од 1,1 $м^3$.

Чест проблем кој се случува е што несовесни граѓани ги палат контењерите особено во зимскиот период,  или депонират градежен шут и со тоа ги претоваруват контењерите а со тоа се уништуват тркалата и поклопците како и хидрауликата на специјалните возила, и со тоа така уништените контењери претставуваат грда слика на секој минувач.

Во поглед на типизираните садови, граѓанството почна да користи канти за смет, благодарение на поволноста што им се дава од страна на ЈП Плаваја  за отплата на типизираните канти за отпад на повеке рати.

Во 2019 година набавени се 1000 пластични канти со капак од 120 лит. кои се специјализиранини за депонирање на комунален отпад. Од овие 1000 канти до крајот на 2022 година продадени се сите 1000 броја. Иако овде имавме воведено можност за купување на две канти за селекција на отпад кој ги продававме на 12 рати за поповолна цена, сепак одзивот од граѓаните за селекција на отпадот сеуште е многу мал.

Во 2022 година не се набавени нови контењери поради економската криза И неможноста да се инвестира, сепак од оние кој беа набавени од 2021 година истите беа распоредени низ градот и населените места особено во село Којславци .

Вкупен број на контејнери поставени по населените места се:

| Населено место | Вкупно поставени во 2019 год. | Вкупно поставени во 2020 год. | Вкупно поставени во 2021 год. | Вкупно поставени во 2022 год. |
|---|---|---|---|---|
| Радовиш | 82 | 110 | **127** | **136** |
| Ињево | 12 | 19 | **19** | **26** |
| Раклиш | 3 | 3 | **3** | **4** |
| Ораовица | 14 | 19 | **19** | **32** |
| Подареш | 14 | 22 | **22** | **26** |
| Јаргулица | 8 | 11 | **11** | **15** |
| Покрајчево | 6 | 6 | **6** | **10** |
| Злеово | 10 | 16 | **16** | **21** |
| Калугерица | 6 | 16 | **16** | **17** |
| Сулдурци | 6 | 6 | **6** | **8** |
| Којславци | 6 | 7 | **7** | **14** |
| Бучим | 3 | 3 | **3** | **4** |
| Тополница | 1 | 4 | **4** | **4** |
| Вкупно поставени контењери | 171 | 242 | **259** | **317** |

Од табелата се гледа дека во 2022 година во повекето населени места бројот на контењери незначително е зголемен во однос на 2021 година. Во кругот на ЈП Плаваја има во резерва над 20 контејнери кој се користат за замена на оштетени и дотраени контењери поставени по населените места а исто така и за замена заради перење и дезинфекција на постоечките. ЈП Плаваја е во план и во 2023 година да ја зголеми набавката натипизирани кпластични канти и контењери со што ке ги направи истите подостапни до граѓаните а и да ги зголеми капацитетите со што ке се создадат услови за еднаш неделно подигање на сметот од населените места и со тоа ке се намали и финансиската загуба во ова дејност.

Во 2022 година ЈП Плаваја вршеше вонредно исфрлање на смет од граѓанството (стари кревети шпорињa и друго) континуирано пет дена во неделата од Понеделник до Петок. Во 2022 година се исфрлени над 700 тракторски приколици смет од кабаст И друг неопасен отпад. За оваа активност одзивот од граганството е голем но на терен појавата на диви депонии за жал можеме да констатираме дека многу малку е намалена.

Годишно на територијата на Радовиш се подига и депонира околу 28000 $м^3$ комунален отпад и околу 2500 $м^3$ шут и друг отпад, од вонредното собирање.

Од територијата на Радовиш од поставените 15 специјални садови за депонирање на стаклена амбалажа во 2022 година се соберени 39,48 тони стакло.

Мораме да забележиме дека поради економската криза, активностите ги извршувавме во по сложени услови со користење на сите можни мерки за штедење а притоа да не трпи квалитетот и квантитетот на дадената услуга.

## Одржување на јавна чистота

Одржувањето на јавната чистота се состоеше од:

- Рачно метење и машинско метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени со законот за јавна чистота.
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје, булеварот Александар Македонски и градскиот парк.
- Одржување на јавни површини во зимски услови.
- Расчистување на диви депонии.
- Отстранување на атмосферски наноси.

Периодот на одржување е поделен на летен период од 01.04 до 31.10 со времетраење од 7 месеци со 214 работни дена во кој се земени сите денови во неделите и сите државен празници, и зимски период од 01.11 до 31.03 со време од 5 месеци или 151 работни дена во кои исто така се земени во предвид сите денови во неделите и државените празници.

Динамиката на чистењето беше организирана според три категории на чистење на јавни прометни површини и тоа:

Прва зона (централно градско подррачје)

Се чистеше со:

- Секојдневно метење рачно и машински во работните денови од неделата.
- Секојдневно собирање и транспорт на сметот и наслагите до депониjата.
- Перење во летна сезона (од мај до октомври) со автоцистерна со предни млазнаци.

Во прва зона спаѓаат следните улици и површини:

1. Булевар Александар Македонски ..........................................19 000 м²
2. Кеј 8ми Септември ................................................................ 20 000 м²
3. Св. Спасо Радовишки до дневен центар Порака .....................8 000 м²
4. Ул. 22ри Октомври.........................................................................4 000 м²
5. Ул.Партизанска (дел)....................................................................3 000 м²
6. Ул.Самуилова..................................................................................4 000 м²
7. Ул.Илинденска.................................................................................1 000 м²
8. Ул.Блаже Коневски.........................................................................1 000 м²
9. Ул.Коста Сусинов...........................................................................1 000 м²
10. Ул.15ти Корпус.................................................................................700 м²
11. Ул.1ви Мај ........................................................................................1 000 м²

**Вкупно ........................................................................................ 56 700 м²**

Втора Зона

(Улици кои се одржуваат еднаш неделно)

Се чистеше со:

- Метење рачно и машински еднаш неделно.
- Изнесување на смет и наслаги еднаш неделно.
- Перењето на овие улици е по потреба, а најмалку двапати неделно.

Во втората зона спагаат следните улици и површини:

1. Ул.Илија Алексов ........................................................................4 000 м²
2. Ул.Плачковица ............................................................................6 000 м²
3. Ул.Гоце Делчев ...........................................................................2 000 м²
4. Ул.Шаин Маале ............................................................................1 000 м²
5. Ул.Ана Поцкова ............................................................................1 000 м²
6. Ул.Мирче Ацев .............................................................................1 000 м²

**Вкупно ............................................................................15 000 м²**

Трета зона

(Улици кои се одржуваат еднаш месечно)

1. Ул.Ѓорче Петров.....................................................................6 000 м²

2. Ул.Вардарска ..........................................................................3 000 м²
3. Ул.Егејска..................................................................................2 000 м²
4. Ул.Исарот ..................................................................................2 000 м²
5. Ул.11ти Октомври .......................................................................1 000 м²

**Вкупно ............................................................................14 000 м²**

Одржувањето на гореспоменатите улици во трите зони се врши рачно на класичен начин со рачна количка, лопата и метла и со помош на специјално возило за метење на улици кое поради цената на нафтените деривати во 2022 година беше слабо ангажирано.

Имајќи ја предвид структурата на населението, кое во најголем дел се занимава со земјоделие, одредени периоди од годината (осебено пролетниот и есенскиот, кога земјоделците се најактивни) некои улици изгледаат како да не се одржуваат.

Голем проблем претставуваат и пристапните патишта од полето кон градот, при што на коловозите се остава големи количини на земја, измет и друго.

По секое невреме улиците во градот се со големи наноси од песок, тиња и земја, што претставува голем проблем за брзо нивно отстранување.

За перење на улиците во општина радовиш на претпријатието му е потребна нова авто цистерна со капацитет од 8 $м^3$ за перење и дезинфекција на коловозите со што многу ќе се подобри чистотата на улиците особено во летниот период.

Повремени работи

Повремените работни активности се извршуваат по налог на ЕЛС за вонредно чистење на одредени улици поради верски празници, јавни манифестации и други настани кои не се составен дел од програмата.

## 2. Метење и миење на улиците

Со ова фаза се опфатени сите улици кои се во програмата за јавна чистота. Чистењето се врши на класичен начин со метла, количка и моторна метачка, со што е подобрено и убрзано чистењето на улиците.

Во централното градско подрачје се мете секој ден бидејки фреквенцијата на луге е многу поголема, и тоа се прави од 05 часот наутро во летниот период, а во зимскиот период од 06 часот наутро.

Во другите реони се врши еднаш неделно и еднаш месечно како што е опфатено со програмата.

Согледувајки го менталитетот на граганите од една страна, а и пристапните патишта до самиот град на главните коловозни ленти каде не се уредени т.е. асфалтирани сите улици

и пристапите од полските патишта, на главните коловози се изнесува голема количина на кал , земја, песок а со тоа улиците изгледаат како воопшто да не се чистени.

Нечистотија создават и граѓаните кои на тротоарите оставаат дрва, песок и други градежни матерјали, а исто така и при секој пообилен дожд улиците се нечисти и со голем талог на нанесен песок и кал од сите порои кој наместо да гравитират кон речните корита на Радовишка река, Марлада и река Сушица истите тие се разлеваат по коловозите и така улиците во градот ги полнат со наноси од секаков вид на талог и отпад. Голем проблем ни создават водотеците како на пример "Шаин маало" "Партизанска", "Лисец", "11ти октомври", Калузлиска и водотекот по ул Св. Спасо Радовишки во индустрискиот дел од гадот. Ние како јавно претпријатие секогаш по сите пообилни врнежи веднаш реагираме со сета своја механизација и расположлива работна сила за да од овие проблематични улици го исчистиме наносениот талог и отпад и истите ги ставиме во нормално функционирање. По отстранувањето на наносот по овие улици често се врши миење и со цистерна.

За миење на сообраќајниците во пролетниот, летниот и есенскиот период истрошени се повеке од 300 цистерни од 8 $м^3$ вода. Со миењето на коловозите се покажа дека ефектот е голем бидејки покрај перењето на нечистотиите од масти, масла од автомобилете и отпадоци од животинско потекло, драстично се намалува и присуството на прашина во воздухот. Овде требе да напоменеме дека ни е потребна нова автоцистерна за питка вода со која ке можеме и да ги переме коловозите не само во Радовиш туку и во сите населени места во општина Радовиш каде коловозите се асфалтирани.

За расчистување на диви депонии на повеке локации на територијата на општина Радовиш механизацијата на ЈП Плаваја беше ангажирана околу 120 работни часа кој ангажман сметаме дека во иднина требе да се зголеми.

Во реализацијата на овие активности во програмата за Јавна чистота беа ангажирани и работници кој се на редовен работен однос и за истите е набавено алат и ХТЗ опрема.

Во зимниот период за време на врнежите од снег иако истите беа доста слаби, беше ангажирана расположивата механизација и физичка сила со што брзо и квалитетно беше исчистен снегот како од коловозите низ градот така и од тротоарирте и пристапите на јавните институции.

## 3. Сточно пазариште

Сточното пазариште е во непосредна близина на ЈП "Плаваја", и одржувањето е на ЈП Плаваја.

Следејки ја неговата намена и намалениот сточен фон во Радовиш, сточното пазариште воопшто не се користи од страна на сточарите, во него скоро и не се продава стока. Вработените во ЈП еднаш месечно го чистат и овој простор. На овој простор се складират материјалите за зимско чистење од снег(ризла и сол) , како и шут кој

произлегува при копање за отстранување на дефефекти во водоводните и канализционите инсталации кој шут повторно се употребува за тампонирање на ископи при дефекти.

## 4. Градско пазариште

Иако пазарен ден во Радовиш е Сабота, градското пазариште е во функција седум дена во неделата. Хигиената на овој простор во 2022 година се одвиваше секојдневно од Понеделник до Петок. После пазарен ден Сабота отпадот од корисниците на просторот се чистеше по завршувањето на пазарниот ден.. Скоро по секое чистење се врши и перење на просторот со вода.

## 5. Градска депонија

Градската депонија е составен дел на Програмата за јавна чистота чие одржување и користење е во надлежност на ЈП Плаваја. Депонијата е во непосредна близина на градот т.е. само 3 км оддалеченост. Овде вршиме складирање и депонирање на целиот комунален отпад соберен од граѓаните на општина Радовиш,градежен шут, земја и се друго.

Ова депонија е од времен карактер на користење и со лош пристапен пат, иако во 2022 година во неколку наврти ЈП вршеше санирање но патот и понатаму е во лоша состојба, поради немање на канал за одводнување на атмосферската вода, бидејки истиот е узурпиран од сопствениците на парцелите до патот.

Депонијата е со површина од 50.000 $м^2$ од која 30.000 $м^2$ е корисна површина и целокупниот отпад што се собира се депонира на тој простор.

Во 2022 година на депонијата се депонира 28000 $м^3$ комунален отпад кој е регистриран во нашата евиденција, и 2500 $м^3$ кабаст отпад. Овде се депонира и отпад од совесни граѓани и од други правни лица кој отпадот го депонираат вон работно време непријавено.

Депонијата е оградена со цементни столбови и бодликава жица. На депонијата е изградена куќарка за формирање на стражарска служба и истата е во план да биде формирана во 2023 година.

Мораме да забележиме дека во изминатата 2022 година на градската депонија не е забележан пожар со што ни укажува дека редовното контролирање и планирање на просторот каде се депонира отпадот ги анулира појавите на пожар од природен карактер. За оваа активност имавме на располагање половна градежна машина Булдожер ФИАТ АЛИС дониран во 2021 година од страна на раководството на Бучим и Боров Дол , за кое што им сме благодарни и со тоа се овозможи континуирано и навремено планирање и одржување на градската депонија. Мора да констатираме дека е добро што и свеста кај граѓаните што намерно предизвикуваа пожар на депонијата е зголемена и во текот на 2022 година не забележан ниту еден подметнат пожар. Градската депонија е од времен карактер и се чекаат поволни услови да се отвори регионалната депонија каде ке се носи

целокупниот комунален отпад соберен од граѓаните и правните субјекти кој живеат и работат во општина Радовиш.

## 6. Диви депонии

Покрај силните напори на ЈП Плаваја и во соработка со инспекциските служби при ЕЛС Радовиш, дивите депонии да се намалат, особено во непосредна близина на Радовиш, и тоа патот за планината Плачковица и полигонот на АМСМ, течението на Радовишка река, двата влеза на градот, Стариот пат према Струмица, патот према градската депонија, иако овие локации зачестено се чистат, истите се обновуваат за брзо време после чистењето. Во 2022 година на овие локации во повеќе наврати беше спроведена акција за чистење на диви депонии од каде беше исчистено повеке од 100 м$^3$ мешан отпад. Од 1ви Мај 2020 година самоиницијативно започнавме собирање на комунален отпад од четири собирни пункта на планината Плачковица каде се поставени 8 садови за собирање на отпад. Оваа иницијатива граѓаните кој ја посетуваат планината Плачковица позитивно ја прифатија и засега функционира добро. Овде отпадот во летниот период се собира на 15 дена додека во зимниот период еднаш во месецот.

## 7. Потрошени материјали и опрема

За реализација на програмата за Јавна чистота во 2022 година се потрошени следниве основни материјали и опрема:

| | | | |
|---|---|---|---|
| требување | 1бр. | Метла изработена од 6 страка | 300 бр. |
| работен налог | 12бр. | Колички | 2 бр. |
| пенкала | 5бр. | Мотика | 12 бр. |
| гумени чизми | 12бр. | Лопата Ашов | 12 бр. |
| пластични наочари | 12бр. | ракавици | 800 бр. |
| летно одело комплет | 12бр. | Нафта | 1000 л. |
| Зимно одело комплет | 12бр. | Улје | 30 л. |

## ЗАКЛУЧОК

На крајот може да се констатира дека деловната 2022 година покрај условите кој беа дополнително наметнати поради економско енергетската криза, вработените во ЈП Плаваја успешно и одговорно се поставија на своите поставени обврски по Програмата за јавна чистота и другите активности што се во нивна надлежност и истата во целост ја реализираа. За реализацијата на програмата се изготвени посебни ситуации за сите 12 месеци од 2022 година и истите се доставени до надлежните служби во локалната самоуправа за понатамошна постапка. Гледано од финансиски аспект реализацијата на програмата за јавна чистота од буџетот на општина Радовиш е 100%, а од аспект на активности повеке од 70%.

Радовиш 22.02.2023 година — ЈП Плаваја Радовиш

Изготвил — В.Д. Директор

Трајков Бранко — Дејан Крстев